Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 74/24) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките
## (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2024)

1. Во Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11, 152/11, 110/13, 141/16, 83/17, 96/17, 152/17 и 142/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 250/20), во точката 8 зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија", а зборовите „Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија".

2. Во прилогот 1, описот на сметката 0043 се менува и гласи:

   „Средства со право на користење (средства земени под наем)".

3. Описот на сметката 048 се менува и гласи:

   „Членство на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд".

4. Описот на сметката 0480 се менува и гласи:

   „Членство на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд – квота".

5. Описот на сметката 2954 се менува и гласи:

   „Обврски во странска валута за привремени уплати од домашни и странски лица за основање трговски друштва во Република Северна Македонија".

6. Описот на сметката 3003 се менува и гласи:

   „Девизи во странство – купени во странство, но недонесени во Република Северна Македонија".

7. Описот на сметката 78 се менува и гласи:

„Обврски за наем во странска валута".

8. По сметката 78556 се додаваат сметките:

„787 Домаќинства
7871 До една година
7873 Од една до две години
7874 Над две години
7876 Достасани".

9. Описот на сметката 88 се менува и гласи:

„Обврски за наем во денари".

10. По сметката 88556 се додаваат сметките:

„887 Домаќинства
8871 До една година
8873 Од една до две години
8874 Над две години
8876 Достасани".

11. Описот на сметката 889 се менува и гласи:

„Обврски за наем во денари со валутна клаузула".

12. По сметката 889556 се додаваат сметките:

„8897 Домаќинства
88971 До една година
88973 Од една до две години
88974 Над две години
88976 Достасани".

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2025 година.

**О бр. 02 – 43728/8**
**26 декември 2024 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**